**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-455/8**

**Скопје, 03.10.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за култура - Сметка за приходи наплатени од органи, за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има вршено ревизија за 2003 година и има издадено извештај за финансиските извештаи на Министерството за култура - Сметка за приходи наплатени од органи со издадено негативно мислење за законското и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   – Благоја Стефановски, министер за култура

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.06.2006 до 31.08.2006 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Министерството за култура - Сметка за приходи наплатени од органи под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Министерството за култура - Сметка за приходи наплатени од органи е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

12. Со ревизија на финансиските извештаи за 2005 година кај Министерството за култура - Сметка за приходи наплатени од органи ревизијата констатира дека превземени се мерки и отстранети се неправилностите констатирани во ревизорскиот извештај за 2003 година.

13. Не изразувајќи резерва во мислењето, ревизијата има обврска да обелодени дека при крајот на 2005 и почетокот на 2006 година министерот за култура склучил договори за закуп на градежни објекти кои можат да имаат значајно влијание врз законското и наменското користење на средствата во наредниот период и тоа:

13.1. Министерството за култура, склучило договор со Друштвото за издавачка дејност Табернакул Цветан ДОО за издавање во закуп на простор во централното градско подрачје во Скопје. Договорот е склучен врз основа на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар која Владата ја донела согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Законот за култура, со услов просторот да се користи за научни, културни и образовни потреби и проекти од интерес за Република Македонија. Иако во договорот министерот ја определил висината на закупнината од 1 ЕУР по м2 односно 130 ЕУР месечно, согласно Одлуката на Владата, ревизијата е на мислење дека цената не соодветствува на реалните пазарни вредности за издаден простор во централното градско подрачје. Согласно договорот во текот на 2006 година средствата за месечен закуп се уплаќаат на сметката на Министерството за култура – приходи наплатени од органи, наместо во Буџетот на РМ. Овие состојби упатуваат на нетранспарентност при одлучувањето за издавање на простор и склучување на договори со ниски цени што има за ефект помал приход во Буџетот на РМ.

13.2. Министерството за култура склучило два Договори за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба во Битола склучени врз основа на Одлука на Владата на РМ од 29 март 2006 година, под услов просторот да се користи за научни, културни и образовни потреби и проекти од интерес за Република Македонија. Како причина за донесување на оваа Одлука се наведува тоа што иако Владата на РМ правото на користење на недвижните ствари го дала на Националната установа Центар за култура-Битола, таа не инвестирала во овие објекти за нивна адаптација поради немање средства за

инвестирање во објектите кои се предмет на овие договори и тоа:

- Со Договор бр. бр.31-2673/1 од 27.04.2006 година се дава во закуп недвижна ствар-објект на фирмата С.Р.С ДОО - Скопје, со вкупна површина од 20.355 м2 од кои 1.050 м2 под објект, 19.305 м2 двор и 600 м2 објект целосно руиниран кој се наоѓа на истиот имот. Договорот е склучен на рок од 30 години, со месечна закупнина во износ од 167,70 денари за м2, односно вкупно 176 илјади денари бруто месечна закупнина. Со Договорот закупецот се обврзува да инвестира во објектот најмалку 610.000 ЕУР заради доведување во употребна состојба на објектот со услов за намена за користење на научни, културни и образовни потреби. Средствата се засметуваат во закупнината, а услов е најмалку половина да се инвестира првите 3 години, за што најмалку еднаш годишно до министерството треба да се доставува пресметка за извршените вложувања. Закупецот има обврска спогодбено да преземе 15 работници, вработени на неопределено време од НУ Центар за култура-Битола.

- Со Договор бр. 31-2674/1 од 27.04.2006 година се дава во закуп недвижна ствар-простор на Клуб кафеаната во состав на објектот на НУ Центар за култура-Битола на фирмата С.Р.С ДОО - Скопје, во вкупна површина од 986 м2. Договорот е склучен на рок од 30 години, со месечна закупнина во износ од 167,70 денари за м2, односно вкупно 165 илјади денари бруто месечна закупнина. Со Договорот закупецот се обврзува да инвестира во објектот најмалку 333.000 ЕУР, кои се засметуваат во закупнината, а најмалку половина од износот треба да се инвестираат првите 3 години, за што најмалку 1 годишно до министерството треба да достави пресметка за извршените вложувања.

Висината на закупнината за просторот во износ од 167,70 денари за м2, кој е предмет на овие два договори во услови на непостоење на критериуми за нејзино формирање е утврдена по писмено известување на ЈП за стопанисување со јавен и деловен простор на РМ , П.Е. Битола.
Ревизијата е на мислење дека ваквиот начин на склучување договори под закуп со непосредна спогодба е нетранспарентен, а договорениот рок е предолг да ги задржи објективните критериуми за исполнување на обврските по договорот и нивната пазарна вредност.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 02.10.2006 година**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 245 | 668 |
| Трансфери и донации | 324 | 6 |
| **Вкупно приходи** | **569** | **674** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 314 | 350 |
| **Вкупно тековни расходи** | **314** | **350** |
| **Вкупно расходи** | **314** | **350** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **255** | **324** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 255 | 324 |
| **Вкупно тековни средства** | **255** | **324** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 24.652 | 24.652 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 2.550 | 2.550 |
| **Вкупно постојани средства** | **27.202** | **27.202** |
| **Вкупна актива** | **27.457** | **27.526** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 24.907 | 24.976 |
| **Вкупно тековни обврски** | **24.907** | **24.976** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 2.550 | 2.550 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **2.550** | **2.550** |
| **Вкупна пасива** | **27.457** | **27.526** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОД**

| О П И С | Останат капитал (хартии од вредност) |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **2.550** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** |
| Набавки | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | |
| Ревалоризација на капитални средства | |
| **Намалување по основ на:** | **-** |
| Отпис на капитални средства | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **2.550** |